Марија ТАШЕВА

# ЕТНИЧКИТЕ ПРЕДРАСУДИ И ЕТНИЧКАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ[1]

Во секое општество во кое опстануваат групи со дистинктивни карактеристики, се оформуваат генерализации за нивните типични особини. Овие генарализации обично прераснуваат во надгенерализации, односно лоши генерализации, особено во ситуации кога групите имаат посебна поставеност во стратификациската скала на општеството. Преку нив се определуваат групните граници и се одржува меѓугрупната дистанца, односно тие дејствуваат како еден од многубројните механизми преку кои секоја група со привилегирана положба во општеството настојува да ја сочува оваа своја положба. Освен тоа, тие се еден од показателите дека групите со пониска општествена положба се свесни за дистанцата која ги дели од другите и на некој начин неа ја имаат прифатено.

Предрасудите, всушност, се општо присутни во секоја општествена средина и не се поврзани само со етничките разлики, туку со која и да било особина на луѓето коишто влегуваат во составот на едно општество, која претставува основа за некакво разграничување. Тие произлегуваат од најгенералните потреби на групниот живот, и, на некој начин, играат значајна улога во неговото одржување. Но, тие, особено во контекст на етничноста, можат да станат основа за дискриминација, односно за акции кои во себе вклучуваат лоши намери во однос на оние кои се окарактеризирани на определен начин преку дадените предрасуди.

## 1. ОПРЕДЕЛБА НА ПРЕДРАСУДИТЕ

Со оглед на својата широка распространетост, дури сеприсутност во животот на секое човечко општество, предрасудите побудуваат интерес кај голем број социолози. Тие се честа тема на проучување, особено за американските социолози, ситуирани во средина чија карактеристика е етничката разнородност. Тие за нив покажуваат ин-

1 Овој текст е работен за потребите на научноистражувачкиот проект *Социолошки аспекти на етничкото соживеење во Република Македонија: современи состојби*, финансиски потпомогнат од Министерството за наука на РМ и Институтот Отворено општество.

терес уште на почетокот од овој век, односно уште од времето кога интензивната имиграција, насочена кон градовите, од градските средини прави структурирани единици во кои етничките и расните поделби доаѓаат пред сите останати поделби. Во рамките на првата американска школа на урбаната социологија, Чикашката школа, голем број социолози се обидуваат да го објаснат феноменот на предрасудите. Но, тоа не го прават само социолозите туку и научници од други научни области, кои еднакво како и социолозите се соочуваат со реалноста обоена со боите на предрасудноста. Секој од нив нуди определено објаснување на феноменот кој е присутен во целата човечка историја, но кој на различен начин се манифестира во секоја од нејзините епохи, како и во секоја единица која влегува во составот на секоја епоха.

Еден од првите социолози кој се фокусира околу феноменот предрасуди е Роберт Парк. Во својата научна лабораторија - градот Чикаго, на почетокот на векот, соочен со последиците од интензивните доселувања и исто толку интензивните мешања на различни расни, јазични, културни и религиски групи, тој ќе обрне особено внимание на проблемот на предрасудите.

Неговите определби на предрасудите според некои социолози не вклучуваат елементи на биологизам. Така, социобиолозите му префрлаа дека тој, преку исфрлањето на сите биолошки објаснувања, бил оној што ја трасирал стратегијата на културниот релативизам, и така од социолошката теорија ја истиснал социобиологијата. Меѓутоа, преиспитувањето на неговите определби сепак укажува на тоа дека тој на предрасудите им дал биолошка основа. Ги извел од самата човекова природа, дури обрнал особено внимание на тоа дека негативната конотација која ги придружува не би требало да направи да заборавиме на тоа дека тие, колку и по себе да се предмет на осуда, „се длабоко човечки феномен“[2]. Тие извираат од човековата природа и од заемните односи на луѓето, и еднаш настанати се фиксираат и сублимираат во навиките на луѓето и влегуваат во самата природа на општеството. Тие, накусо, претставуваат ставови, и тоа општествени ставови.

„Расната предрасуда“, ќе забележи тој, „може да биде согледана како спонтана, повеќе или помалку инстинктивна одбранбена реакција, практичен ефект од која произлегува ограничувањето на слободниот натпревар меѓу расите. Нејзината значајност како општествена функција се однесува на фактот што слободниот натпревар, особено меѓу луѓето со различни стандарди на живеење, изгледа, ако не е оригинален извор, барем е стимул кому предрасудата му е одговор“.[3]

2 Park, Robert Ezra, *Rase and Culture*, The Free Press, Glencoe, Illinois, 1950, 230
3 Исто, 227

Предрасудата претставува механизам на групниот ум, кој дејствува рефлексивно и автоматски во одговорот на даден стимулус. Овој стимулус може да биде неограничениот натпревар меѓу луѓето со различни стандарди на живеење.

Во контекст на понатамошните анализи на улогата што ја имаат предрасудите во интергрупниот живот, Парк ќе заклучи дека „сите наши сентименти, љубов, лојалност, патриотизам, родољубје, презир, ароганција, омраза, се засновани на предрасудите и се одржуваат преку нив.“ Дури и уште повеќе од тоа - „човештвото е неизлечиво сентиментално, а сентиментите и предрасудите се дел од граѓата од која е направен нашиот човечки живот“.[4]

Во однос на настанокот на предрасудите слично стојалиште како она на Парк застапува и Гордон Олпорт. И за него, како впрочем и за најголемиот број претставници на социјалната психологија окупирани со феноменот предрасуди, тие својата основа ја имаат во самата човековата природа - во оспособеноста на луѓето да живеат во групи, како и во природните капацитети на човековиот ум, односно неговата способност за категоризација. Следејќи ја етиологијата на зборот предрасуда, Олпорт ќе констатира дека во латинскиот јазик, од кого што и потекнува, тој прво означувал преседан, односно суд заснован на претходни решенија и искуства. Подоцна, во рамките на англискиот јазик, тој се однесувал на суд кој е оформен пред да се направи истражување и разгледување на фактите, односно тоа е преран и избрзан суд, за на крајот да вклучи во себе и емоционална обоеност на наклонетост или ненаклонетост која го придружува таквиот преуранет и неподдржан суд.[5] Тој ја посочува определбата која е дадена во Новиот англиски речник: „чувство, наклонето или ненаклонето, кон лице или предмет, пред и незасновано на вистинско искуство“.[6] Предрасудата, имено, во своето најшироко значење, може да вклучува позитивни или негативни чувства кон оној на кого се однесува, но во обичниот говор таа обично се употребува за да го означи индивидуалниот негативен суд на единката кон претставник или претставници на групи на кои таа не им припаѓа. Предрасудата, така, претставува „извртен или непријателски став кон лице кое припаѓа на група, просто затоа што тоа ѝ припаѓа на таа група, и така е претпоставено дека ги има приговараните квалитети кои ѝ се припишани на таа група“.[7] Етничката предрасуда, пак, „е антипатија заснована на погрешна и не-

4 Исто, 231

5 Allport, Gordon W, *The Nature of Prejudice*, Addison-Wesley Publishing Company, (25th Anniversary edition), Reading, Mass, et all, 1995, 6

6 Исто

7 Исто, 7

флексибилна генерализација. Таа може да биде чувствувана или изразена. Може да биде насочена кон групата како целина, или кон индивидуа затоа што е членка на таа група".[8] Ако во дефиницијата се вклучи и елементот на функционалната значајност на овој суд, тогаш „предрасудата е примерок на непријателство во интерперсоналните односи кое е насочено кон целата група, или против нејзините индивидуални членови; таа исполнува специфична ирационална функција за нејзиниот носител".[9] Според Олпорт, независно од тоа како поконкретно предрасудата ќе се дефинира, треба да се има на ум дека нејзината дефиниција би требало да вклучува две суштествени составки: таа мора да биде *став* на наклонетост или ненаклонетост; и мора да биде поврзана со хипергенерализирано (и така лажно) *верување.* Во таа смисла предрасудните ставови понекогаш го нагласуваат факторот на ставот, додека понекогаш факторот на верувањето.

Симпсон и Јингер на прашањето: Што е предрасуда? - ќе одговорат: Тоа е „емоцинален, ригиден став (предиспозиција за да се одговори на определен стимул на определен начин) кон група луѓе. Тие можат да бидат група само во умот на предрасудната особа, т.е. категоризирана од него, иако можат да имаат мали сличности или интеракција. Предрасудите, така, се ставови, но сите ставови не се предрасуди. И двата имаат елемент на предрасудност, но предрасудите се ставови кои имаат афективен и емоционален квантитет кого ставовите не го поседуваат".[10] Предрасудите вклучуваат предсуд, но и лош суд. Тие се категорично мислење кое систематски лошо ги интерпретира фактите. Тие водат кон селектирање на фактите на оние што се прифаќаат и оние што се отфрлаат. Тоа прави сите членови на групата да се согледаат како слични еден на друг. Притоа, сите нови искуства се мерат според старите категории според селекционирање на оние особини кои соодветствуваат со предрасудноста или стереотипот.

Уште поедноставна определба на предрасудата дава Питер Рос (која ја споделува со повеќе социолози), дека таа е „диференциран третман на индивидуите согласно со нивната припадност на посебни групи или општествени категории".[11]

Дефиницијата на предрасудите во интернационалното издание на *The Encyclopedia Americana* е „*предрасудата* е негативен став кон

---

8 Исто, 9

9 Оваа дефиниција ја даваат Акерман и Јахода, цит. според: Allport Gordon W., *The Nature of Prejudice*, цит. дело, 12

10 Simpson, George Eaton and Yinger, J. Milton, Racial and Cultural Minorities, Plenum Press, New York and London, 1985, 21

11 Rose, Peter I., They and We: Racial and Ethnic Relations in the United States, McGraw-Hill Publ. Company, New York at all,1990 (прво изд. 1964), 87

група луѓе кој има некои општи карактеристики кои не се споделуваат од сите луѓе".[12]

Предрасудните ставови, поради нивниот емоционален квалитет, се релативно стабилни и трајни. Но, оваа нивна особина, според Симпсон и Јингер, не би требало да се пренагласува. Тие, пред сè, се закотвени во животните искуства и оттаму можат дури да станат субјект на драстична реорганизација.

## 2. ТЕОРИИ ЗА НАСТАНОК НА ПРЕДРАСУДИТЕ

Постојат поголем број теории кои нудат објаснување за потеклото на предрасудите. Некои од нив повеќе ги земаат предвид општествените околности во рамките на кои се оформува тип на односи меѓу групите, кои понатаму поттикнуваат чувства на незадоволство, лишување, повреда на гордоста и сл., кои им даваат раст на генерализации во кои дадените карактеристики, со време, стануваат хипергенерализации. Други го нагласуваат факторот на времето, пронаоѓајќи го изворот на предрасудите во типот на односи кои постоеле во подалечното минато, или, пак, кои ја оформуваат општествената сцена на современоста. Трети ги потенцираат капацитетите на личноста, нејзината когнитивна моќ, или нејзините специфични психолошки особини кои ја поттикнуваат кон донесување на лоши судови, или ја прават погоден медиум за усвојување на судови без лична проверка на нивната валидност. Всушност, секоја од различните теории нуди едно објаснување за феноменот кој е премногу комплексен за да може да се должи само на еден фактор, или на ограничен број фактори. Во тој поглед и секоја од теориите може да се сфати како теорија која објаснува еден аспект на феноменот предрасуди.

*Психодинамички теории.* Оваа теорија ја развива Адорно, во рамките на своите анализи на авторитарната личност, но ја поддржуваат уште редица други научници, како што се Долард, Милнар, Олпорт. Според сите нив авторитаризмот вклучува повеќе заемноповрзани димензии. Тие ја определуваат авторитарната личност како личност која желно се потчинува на некоја форма на ригиден авторитет и е агресивна во однос на сите оние кои не го прифаќаат овој авторитет и кои се дефинирани како „аутсајдери". Авторитарноста вклучува квантитативна димензија и може да се мери. Скалата која била направена за ова мерење е насловена како Ф скала. Високите вредности во неа им припаѓаат на оние кои не само што ги покажуваат двете посо-

12 *The Encyclopedia Americana* , International edition, Grolier Incorporated, Danbury, 1984, 545a

чени димензии, туку, исто така, се стремат светот да го согледат преку термините на моќта, кои се многу сомнителни и постојано во очекување на конспиративни акции од страна на непријателите и кои се стремат да мислат во дихотомни термини. Тие употребуваат ригидни категории во делбата на луѓето, подвојувајќи ги во силни и слаби, добри и зли, и имаат нефлексибилен мисловен процес. Сите овие карактеристики ја охрабруваат агресијата кон оние кои се дефинирани како припадници на грешната категорија. Тоа се Евреите - во случајот на нацизмот, Црнците - во јужните држави на Америка и сл.

Слични идеи како оние на Адорно развива и Фром во повеќе свои дела, пред сè во *Бегство од слободата* и *Анатомија на човечката деструктивност*. Тој генезата на авторитарната личност ја бара во макро нивото, односно во глобалните услови на современите општества, во процесите на ослободувањето и индивидуализацијата кои не се придружени со механизми кои ќе го овозможат нормалното функционирање на човековата личност во новите општествени околности.

*Историски теории.* Тие причините за предрасудите ги наоѓаат во подалечното минато. Најчесто како такви се определуваат конфликтите во економската сфера од кои резултирала експлоатација на една група од страна на друга, воспоставување на институцијата на ропството, поставување на бариери пред некоја етничка група во пристапот кон вредните ресурси итн.

*Социокултурни теории.* Тие имаат најголем број претставници меѓу социолозите и антрополозите. Според нив, корените на предрасудите се наоѓаат во самата општествена средина, во редицата елементи што ја составуваат, какви што се традицијата, нееднономерната вертикална мобилност во во-групите и вон-групите, густината на населението, типот на контактите меѓу групите, големата брзина со која се остваруваат процесите на урбанизацијата и нејзините негативни придружни појави, емиграцијата и имиграцијата и промените во социокултурниот контекст што тие ги условуваат, разместувањето на политичките граници и големите промени во статусот на оние кои се објект на овие промени итн.

*Ситуациски теории.* Тие се сосема блиски до двете претходни. Во нив се земени предвид карактеристиките на средината, но во самата современост. Се смета, имено, дека самиот комплекс односи во современоста ги раѓа или одржува предрасудите. Тие извираат од моменталните односи во рамките на кои вертикалната мобилност не е еднаква за сите групи, затоа што постои во-групна затвореност и огра-

ничени контакти со вон-групите, затоа што густината е премногу голема и предизвикува напнатости и сл.

*Когнитивни теории.* Овие теории нагласката ја ставаат на когнитивната димензија, на која ѝ се придружуваат чувствата и преференциите. Предрасудите се должат на упростените судови, или стереотипиите, кои се развиваат за малцинствата. Самите стереотипии може да бидат делумно фактички условени од односите меѓу групите (од вистинската природа на групите), а делумно засновани на заклучоци кои се надвор од, или небитни за дадениот контекст (засновани на конформирањето со традицијата, погрешна проекција, потребата да се најде виновник и сл.). Она што е сепак нивна битна карактеристика е што се ригидни и што ѝ пружаат отпор на фактичката евиденција.

Секоја од посочениве теории открива еден аспект кој е одговорен за генерирањето на предрасудите. Во тој поглед, се чини сосема умесен заклучокот до кого дошол Гордон Олпорт, дека „во крајна линија најдобриот поглед во однос на ова мноштво на пристапи е тие сите да се прифатат. Секој од нив нè научува на нешто. Ниту еден не поседува монопол на проникнување, ниту е сигурен како единствен водич.[13]

## 3. ТИПОВИ НА ПРЕДРАСУДИ

Во социолошката теорија е прифатена типологијата на предрасудите на Ван ден Берг, која вклучува два идеални типа: 1) патерналистички тип; и 2) натпреварувачки тип.[14]

Патерналистичкиот тип на предрасуди е карактеристичен за општествата со традиционална структура, во кои поделбата на трудот го има надминато нивото на примитивноста (поделба заснована на полот и возраста), но каде таа не ја има достигнато комплексноста карактеристична за модерните индустриски општества. Во овие општества постои диференцијација на занаетчиство и трговија, постои владеачка класа која практикува авторитет кој соодветствува со оној што од Вебер е определен како „традиционален“ тип на авторитет. Во стратификациски поглед постои затвореност меѓу статусните групи, која може да биде до степен на каста. Владеачката група е нагласено дистанцирана од другите и во себе е скоро хомогена. Јазот меѓу неа и останатите може да биде премостен, но само во ограничен обем. Покрај малата вертикална мобилност, постои и мала просторна мобилност.

13 Allport, Gordon W., *The Nature of Prejudice*, цит. дело, 218

14 van den Berghe, Pierre L., *Rase and Ethnicity: Essays in Comparative Sociology*, Basic Books Inc. Publishers, New York, London, 1970, 22

Формата на владеење овде е од аристократски или олигархиски тип. Легалниот систем е на страната на status quo.

Во таквиот тип на општество предрасудите се добро интегрирани во вредносниот систем на општеството. Постојат објаснувања кои го штитат постојниот однос, и кои се субјективно, иако не и логички, конзистентни со базичните религиски и етички премиси на општеството (какви што се оние за мисијата на белците, на Западот, на христијанството и сл.). Овде статусните правила се добро дефинирани, отелотворени во етикети, засновани на прописот, партикуларизмот, ригидноста, колективистичката ориентација и афективноста.[15]

Натпреварувачкиот тип, во своето идеалнотипско издание, е спротивен на патерналистичкиот. Се сретнува во општествата со индустриска економија, во кои постои поголема поделба на трудот заснована на рационални и универзалистички критериуми, поттикнувана од потребите на диференцираната економија. Овде работната сила е предимно квалификувана, а основни критериуми во нејзината селекција се ефикасноста и техничката компетенција. Критериумите на прописот (расни, етнички) и партикуларизмот овде во однос на функционирањето на системот се непогодни. Нивното одржување може да предизвика дисфункција на системот и оттаму се настојува јазот меѓу статусите да се сруши. Во овие општества постои голема мобилност, како социјална, така и просторна.

Овде, сепак, кастинските разлики не мора да исчезнат. Кастите опстојуваат, но во рамките на секоја каста дејствуваат процеси на диференцијација. Со тоа се создава ситуација пониските рангови од доминирачката каста да се најдат во конкурентска положба со повисоките рангови на пониските касти. И токму на ова ниво, на кое постои конкуренција, се јавуваат предрасуди. Во нив е забележлив стравот.

Во таквите општества, во предрасудите на повисоката каста кон пониските касти, како особини се јавуваат агресивноста, несожаливоста, дрскоста, нечистотијата. Пониските касти, имено, се доживуваат како опасни иако се инфериорни. Доминирачката каста, пак, од страна на пониските касти е доживувана како надуена, наметлива, брутална. Во содржината на предрасудите овде главно се втиснуваат особините на авторитарноста.

Ван ден Берг, кога ја направил оваа типологија на предрасудите, самиот си го поставил прашањето дали таа е синхронична или дијахронична, и одговорил дека е и едното и другото. Во западните општества, во текот на последните неколку века, постои тенденција на поместува-

---

15 Исто, 23

ње од патерналистичкиот кон натпреварувачкиот тип. Но, нивната замена не е неопходна. Тие можат да коегзистираат во различни сегменти на едно исто општество, и во однос на различни групи.[16]

## 4. ДИНАМИКА НА ПРЕДРАСУДИТЕ

Предрасудите се релативно трајни судови, но тоа не значи и дека се вечни судови. Анализирајќи го нивното дејствување во текот на времето, Олпорт забележал дека постои можност тие да бидат редуцирани, доколку се обезбеди еднаков статусен контекст на групите коишто кооперираат во остварувањето на заеднички цели. Секако, овој контекст треба да биде санкциониран преку поддршката што му ја даваат општествените институции.[17]

Сличен став на овој застапува и Петигрју. Предрасудите според него слабеат тогаш кога две групи: 1) поседуваат еднаков статус; 2) се стремат кон исти цели; 3) кооперативно се зависни едни од други; и 4) остваруваат интеракција со позитивна поддршка на авторитетот, законот или обичајот.[18]

## 5. ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Во рамките на своите истражувања на дискриминацијата, Антоновски ќе констатира дека таа не претставува изделен индивидуален акт, туку е „систем на односи". Тој ќе ја дефинира како „ефективно бесправен третман на лицето на основи кои се ирелевантни за ситуацијата". [19] Вилијамс додава дека таа постои до степен до кој индивидуите од дадена група, кои се поинаку формално квалификувани, не се третирани соодветно со номинално универзалните институционални судови.[20] Јингер претходните определби ќе ги сведе на едноставна констатација - дека „дискриминацијата просто значи да се направи дистинкција, но нефер и неправедна дистинкција".[21] Слично на ова во *The Encyclopedia Americana* таа е определена како „негативно однесување насочено кон некоја група", ...односно, „однесување кое е нефер спрема групата кон која е насочено".[22]

---

16 Исто, 30-37

17 Allport, Gordon W., *The Nature of Prejudice*, цит. дело

18 Pettigrew T.G., *Racialy Separete or Together?*, Mc Graw-Hill, New York, 1971, 275

19 Antonovski, (1960, 81), vo: Simpson, G.E & Yinger, J.M., *Racial and Cultural Minorities*, Plenum Press, New York, 1985, 23

20 Viliams, Robin (1947, 39), во Simpson & Yinger, цит. дело, 23

21 Исто, 33

22 Encyclopedia Americana, cit. delo, 545a

## 6. ПРЕДРАСУДИТЕ И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Анализирајќи го односот меѓу предрасудите и дискриминацијата, Рос ќе истакне дека „иако често тие се спротивните страни на една иста монета“, тие „и како аналитички и како конкретни концепти, не би требало да бидат измешани“.[23] Предрасудата, имено, е став, а дискриминацијата отворено однесување. Оваа разлика тој ја илустрира преку една реченица на д-р Мартин Лутер Кинг, Јр. искажана во неговото прво обраќање до граѓаните на Атланта, Џорџија : „Законот не може да го натера човекот да ме сака, но може да го спречи да ме линчува, а јас мислам дека тоа е многу значајно“[24]

Предрасудите во социолошката литература обично се разгледуваат заедно со дискриминацијата. Тие се земаат како круцијален фактор кој предизвикува дискриминаторски третман на определена група. Така е поставен нивниот однос во американската енциклопедија, во која предрасудата е сфатена како увод во дискриминацијата. Овде на предрасудата ѝ се определуваат три компоненти, од кои една е дискриминацијата.[25] Сепак, се остава можност да постои дискриминација и кога отсуствуваат предрасуди (како пример се наведува колонијализмот).[26]

Ненужноста на релацијата предрасуда - дискриминација особено ја истакнува Мертон. Имајќи ја предвид сцената на американското општество, тој прави типологија на нивните заемни односи која вклучува четири члена:

1) *Непредрасудни недискриминатори*, која ја претставуваат оние кои веруваат во американското кредо на слободата и еднаквоста и кои него го практикуваат во потполност.

2) *Непредрасудни дискриминатори,* какви што се голем број сопственици на станови на Северот на Америка, кои немаат негативни чувства кон црнците, па сепак се обидуваат да ги држат настрана од своето соседство од страв да не го изменат неговиот карактер.

3) Предрасудни недискриминатори, или плашливи биготи, кои чувствуваат непријателство кон повеќе групи, засновано на предрасудите, но кои не се активисти.

---

23 Rose, Peter I., *They and We*...,цит. дело, 87

24 Исто

25 Предрасудата вклучува: став, како тенденција на лицето да одговори благонаклоно или неблагонаклоно на објектот или ситуацијата кои се во прашање; стереотип, верување кое може да има фактичка основа, но обично е упростено и неоправдано верување дека сите членови на една група веруваат во исти нешта и се однесуваат на ист начин; дискриминација, бихевиоралната компонента на ставот. *Encyclopedia Americana*, цит. дело, 545а

26 Исто, 545б

4) Предрасудни дискриминатори, кај кои предрасудите и дискриминацијата се заемно поврзани. Тие ниту веруваат во американското кредо, ниту делуваат во согласност со него. Нивниот идеал е правото според кое дискриминацијата не само што е исправна, туку е и должност. Нивниот основен став е дека сите белци се супериорни во однос на обоените.[27]

Симпсон и Сингер, исто така, укажуваат на тоа дека меѓу двете категории може да постојат повеќе типови на односи : 1) може да има предрасуди без дискриминација; 2) да има дискриминација без предрасуди; 3) дискриминацијата може да е меѓу причините за предрасуди; 4) предрасудите може да се меѓу причините за дискриминација; 5) најчесто тие заемно се засилуваат.[28]

За разлика од претходните автори, Олпорт утврдува нужна врска меѓу предрасудите и дискриминацијата. Тој дискриминацијата ја определува како еден од степените на негативно дејствување условено од поседувањето на предрасуди. Според него, негативните акции кон другите може да се споредат со скала која започнува со искажувањето на негативниот став и завршува со акциите кои имаат за цел да ги уништат оние на кои се однесува овој став. Чекорите кои тој притоа ги разграничил се:

*1) антипатија,* кога се чувствува непријателство, но тоа се држи во себе, или евентуално, добива вербална експресија;

*2) одбегнување,* кога поинтензивната предрасуда доведува до тоа да се одбегнуваат членовите на групата што не се сака;

*3) дискриминација,* кога предрасудната личност прави штетни разграничувања од активен вид, како што се исклучување на сите членови на дадената група од определен тип на вработување, од домување во дадена област, од политички права, образовни или рекреациски можности, од користење на цркви, болници, или од друг вид општествени привилегии;

*4) физички напад*, кога силните предрасудни емоции водат кон насилие;

5) *екстерминација,* кога се настојува да се уништат членовите на групата кон која се имаат предрасуди или дури целата група, преку линчувања, погроми, масакри, геноцидни програми и сл.[29]

Примерите на дискриминацијата што ги разграничува Питер Рос се слични со оние на Олпорт.

---

27 Merton R.K., „Discrimination and The American creed", во; R.I. Rose (ed.), *The Study of Society*, Random House, N.Y, 1970, 449

28 Simpson, G.E. & Yinger, J.M., *Racial and Cultural Minorities*, цит. дело, 23

29 Allport, Gordon W., *The Nature of Prejudice*, цит. дело, 14-15

1) Во нив првото место му е дадено на *обезвреднувањето,* за кое, како што самиот забележува, *етноцентризмот* е технички термин. Тој наведува многубројни примери на употреба на термини кои во себе ја содржат димензијата на пониска вредност на претставниците на расните и етничките групи во Америка, на кои, во наш контекст, алтернативи би им биле „Циганин“ или „Еѓуптин“ за претставник на ромската група, „Шиптар“ за албанската и сл. Во лексиката на дијалектите во регионите со подолга измешаност на групите, кај нас можат да се најдат цела листа на такви обезвреднувачки зборови. Во истата група влегуваат и шегите (вицевите) со етничка основа, етнофаулизмот, демагогијата во која се втиснати антигрупни ставови.

2) Следниот чекор го претставува *одбивањето.* Во него добива нагласка општествената дистанца, која впрочем е забележлива уште во првиот чекор. Во него влегува практиката на избегнување контакти која најдобро е илустрирана со изреката „да се држат на нивното место“. На неа децата се учат уште од мала возраст преку советите во врска со групите со кои треба и оние со кои не треба да дружат. Подоцна, таа се огледа во минимизацијата на контактите со членовите на групи кои социјално се дефинирани како групи со пониска репутација, непријатни, или дури недопирливи.

Еден од начините на одбивање е *економскиот бојкот.* Карактеристичен пример за него е одбивањето на претставниците на повисоко ценетите групи да работат во иста работна единица во која, пред сè, се ангажирани претставници на инфериорни групи (пр. во ресторани). Друг пример е оној кој се однесува на користењето на слободното време, како што е примерот со изборот на нови места за рекреација доколку старите почнале да ги користат и претставници на групите кон кои постои практика на избегнување. Трет начин на одбивање е селењето од населби во кои почнале да се доселуваат претставници на малцински групи. Овие практики се помалку исклучиви од сегрегацијата која, главно, е акција на исклучување што не е доброволна, и кај која се поставуваат рестрикции во однос на контактот, комуникацијата и општествените односи.

*3) Агресијата* е уште понагласена форма на дискриминација. Се јавува во најразлични форми, почнувајќи од потсмевање и малтретирање на мали деца од уличните банди, до организиран терор и законот на толпата. Во рамките на агресијата влегуваат линчот, погромот, геноцидот.[30]

30 Rose, Peter I., They and We, цит. дело, 110-124

Во веќе спомнатата енциклопедија, дискриминацијата се разграничува зависно од нејзината институционална поставеност. Така, определени се три типа на дискриминација:

1) индивидуална, која ја практикува дадена индивидуа;

2) институционална, кога некоја голема организација (држава, бизнис, училиште) е ангажирана во практики кои се нефер кон членовите на дадена група, со кои тие се ставени во непривилегирана положба во однос на членовите на други групи;

3) повратна, кога членови од доминантната група ги третираат членовите на својата група полошо отколку што тоа го прават со членовите на други, помалку престижни групи.

Постарите студии за дискриминацијата нагласката ја ставаат на нејзините психолошки ефекти.[31] Од шеесетите години наваму, меѓутоа, дискриминацијата се анализира од аспектот на интересите, процесите на институционализација и внатрешната колонијална перспектива.

1) *Предрасудите и стекнатите интереси.* Теоријата на интересите дискриминацијата ја објаснува преку настојувањата за социјално, економско и политичко постигнување. Така, според Блумер, доминирачката предрасуда во американското општество, расната, претставува маска за заштита на доминирачката групна позиција.[32] Неговиот став го споделува и Велман. Неговата анализа на расната дискриминација во Америка го убедува дека таа претставува современа појава која не влече корени од минатото. Според него таа е рационална реакција на групниот конфликт околу ретките социјални и економски ресурси. Неа ја повлекува заштитата и зголемувањето на групните привилегии наспроти другите групи.[33] Антоновски исто така се сложува дека постои оваа основа за дискриминација, покрај предрасудната. Тој разграничува два типа на дискриминација: дискриминација мотивирана од предрасудите и дискриминација мотивирана од постигнувањето. Последната се однесува на луѓе коишто се дискриминирани поради економско и политичко постигнување.[34]

2) *Институционален расизам.* Овој тип на расизам први го посочуваат Кармикел и Хамилтон, во контекст на својата анализа на расната дискриминација во Америка.[35] Тие настојуваат да ги препознаат комуналните примероци на предрасуди преку истражување на

---

31 Најкарактеристичен пример за ова е делото на Кларк за ефектите на дискриминацијата врз личноста на црните Американци. Clark, *Prejudice and Your Child*, Beacon Press, Boston, 1955

32 Blumer H., „Rase prejudice as a sense of group position“, *Sociological Review*,1960, 1,3-10

33 Wellman D.M., *Portraits of White Racism*, Cambridge Univ. Press, Cambridge, 1977, 254

34 Antonovski A., „*The social meaning of discrimination*“, Phylon, 1960, 21, 81-95

35 Carmichael S & Hamilton C., *Black Power*, Random House, N.Y, 1967

однесувањето на индивидуалните бели фанатици (биготи), за на крајот да заклучат дека расните предрасуди, сепак, базично се мотивирани од институционалните примери на дискриминација. Овој нивен заклучок станува основа за редица други истражувања. Во некои од нив институционалните средства добиваат толкава нагласка, што сосама се минимизира улогата на биготријата. Така, според Ноулес и Превит, расните институционални практики можат да се случат без присуство на свесен фанатизам (свесна биготерија), па дури можат да бидат и ненамерни.[36] Слично на ова, Доунс ги анализира аргументите дека дискриминацијата може да биде мотивирана од други фактори освен предрасудите и констатира дека институционалниот расизам може да поттикне акции и таму каде што индивидуите немаат намери да ги подредуваат другите поради бојата, или каде што тие се наполно несвесни дека тоа го прават.[37] Тој открива дека постои можност за индиректна расна дискриминација, односно дека практиките кои се ненамерни а имаат негативни последици за малцинствата можат да бидат поврзани со намерни дискриминаторни практики.

3) *Внатрешен колонијализам.* Според теоријата на внатрешниот колонијализам, кога една група ќе ги монополизира ресурсите таа ги стабилизира и монополизира предрасудите преку политика која настојува преку институционални средства да го возобновува постојниот стратификациски систем.

Кога дискриминацијата има институционална поставеност, тогаш нејзиното проучување бара да се обрне особено внимание на две нешта: а) на нејзиното организациско вгнездување; и б) на нејзината мотивација.

Вгнездувањето се однесува на организациската средина, на бројноста и комплексноста на дадената општествена единица. Бројот и комплексноста можат да варираат од акции на изделена индивидуа до рутинизирани практики на многу индивидуи во големата организација. Индивидуалните акции и оние на малите групи не мора да бидат вгнездени во организациите од широка скала, туку повеќе во примарните групи од мала скала. Големите општества се карактеризираат со хиерархиски организации од широка скала - бирократии - кои по себе претставуваат минијатурни општества. Тие, притоа, ги рефлектираат историските и современите вредности и акции на поширокото општество. Дел на нивната практика често пати е расната дискрими-

36 Knowles L.L. , Prewitt K., *Institutional Racism in America*, Prentice hall, Englewood Cliffs, N.Y., 1969, 180

37 Downs A., *Racism in America and How to Combat It*, US Comm. Civil Rights, Washington D.C, 1970, 43

нација, која е поврзана било за формални било за неформални правила. Во нив, меѓутоа, може да биде голема и улогата на индивидуалната дискриминација.

Мотивацијата, другата значајна карактеристика на дискриминацијата, може да се јави во два типа: а) намерна и б) ненамерна. Намерната, понатаму, вклучува: а) предрасудно мотивирана дискриминација и б) постигнувачки мотивирана дискриминација.

Двете димензии на дискриминацијата - вгнездувачката и мотивациската - произведуваат неколку типа дискриминаторни практики:

Тип А - изолирана дискриминација

Тип Б - дискриминација на мала група

Тип В - директно институционализирана дискриминација

Тип Г - индиректно институционализирана дискриминација.

Типот А, изолирана дискриминација, постои во акцијата која е намерно повредувачка од страна на членот на доминирачката група против членови од подредената група, при што оваа акција не е вгнездена во институционалната или организациска поставеност. Во врска со овој тип, во контекстот на истражувањата на дискриминацијата во американската војска, Зука констатирал дека кога биготите имаат моќна позиција во институциите, тие можат да направат далеку поголеми повреди отколку оние коишто дејствуваат без таква заднина.[38]

Типот Б, дискриминација на мала група, се состои од намерно повредувачки акции кои се практикувани од страна на мала група на индивидуи кои ѝ припаѓаат на доминирачката група, коишто заедно дејствуваат против членовите на подредената група, без непосредна поддршка од организациската рамка од поширока скала. Оваа дискриминација често е сурова и претставува закана за животот и безбедноста на членовите на подредената група.

Типовите В и Г се дискриминации засновани на организацијата од широка скала. Типот Б, директно институционализирана дискриминација, се состои од организациски или комунално пропишани акции кои имаат намера да имаат диференциран и негативен пристап кон членовите на подредената група.

Типот Г, индиректно институционализирана дискриминација, постои во организациски или комунално пропишани практики, мотивирани не од предрасуди или од потребата да повредат, кои сепак имаат негативен и дискриминациски пристап кон членовите на подредената група. Во својата појавност, и во својата намера, нормите и со нив поврзаните практики, се неутрални. Но, во суштината, тие се дис-

38 Zucca G.J., *A Method of Assessment of Institutional Discrimination in Navy*, Patrick AFB, Fla: Defense Rase Relat. Inst., 1979, 14

криминациски, на еден од овие два начина: минато-во-сегашноста дискриминација, или страничен-ефект дискриминација. Кај првиот начин практиките кои носат дискриминација во современоста се неутрални, но тие носат ефекти кои се изделуваат од претходни намерни дискриминациски практики (на пр. помал пристап на малцинствата поради недостаток на образование или на вештини кој е заснован на постара дискриминациска политика, или кога постојат стандарди кои се воспоставени во минатото, а се применливи само за доминирачката група). Кај вториот начин, дискриминацијата претставува ненамерна последица од акции кои имале цели што не се во директна врска со етничките делби.

## SUMMARY

Marija TASHEVA

**ETHNIC PREJUDICES AND ETHNIC DISCRIMINATION: THEORETICAL ASPECTS**

The text elaborates few theoretical problems of ethnic prejudices and discrimination, observed from sociological standpoint. First of them is conceptual – it includes definitions, mainly seted in american sociology. The second is the problem of thems origin, and includes few theoretical explanations (psychodinamical, historical, sociocultural, situacional, cognitive theories). The next are many forms of the relationship between prejudices and discrimination, as the diferent forms of discriminational practices.